НАУМЕ ВЕСЛИЕВСКИ -ОВЧАРОТ

# ЛИЧЕН ДНЕВНИК

## 1944 г.Јануар

### Недела

1.I

На 1.I беше прослава на Сталин. Всеопшта вежба по оружјето во Љумница и час всеопшто руковајне со оружјето.

### Понеделник

На 2.I 1944 :

Беше одржан всеопшто(час) по оружјето и настава гаѓајне, ваќајне заклон и маскировка. Врската - вежба со бајрачината: со четните ( командири) всеопшто(се вежбаше) по сите војнички работи; настава гаѓајне, ваќајне заклон, маскировка.

### Торник

3.I.

Беше предузето парејне на партизаните во село Љумница ( од вошки). И ништо друго не беше предузето. Кон 12. сатот дојде"паничната" вест да ути идат немци. На верно дојдоја и беше преземена от нивна стр́на офанзива. На вечерта бевне со Грците на заседа ... Михајло беше во Ошин.Аропланите пуштија ствари: 10 души беја пуштени по тије што работат на Аеродрумо.

### Среда

На 4.I преку Лугунци префрливне на Кожуф и цел ден таму бевне гладни. Германците ојдо во Ошин и на Ајродрум и ги зедоја стварите. Останавне цела нош и на утрото се преместивне погоре.

### Четврток

На 5.I останавне пак ( на ) Кожуф, добивне само малу леб и месо.А Грците заминаја за Кајмакчалан каде на вечерта почнаја да се враштат и 50 души загубиле .Часој никакви не беја преземени због гладоста и студо.

### Петок

На 6.I останавне на Кожув, а Горски со Баталјоно замина за Бугарско. Пуштивне 5 души да ги барат Грците ( кои биле ) загубени. На вечерта слеговне во Лугунци и спавне таму.

С,бота

На 7.I останавне всело и беше пуштена само појака осигуровка. Одржан беше час со четните раководства и цел ден останавне во селото. Беја примени 30 нови од болните.

Недела

На 8.I останавне во Лугунци.Имаше пред ручек пол час. После ручек-настава гаѓајне, ваќајне заклон, маскировка и на вечерта една чета ( замина) за Ајродром, а една ( чета) во Периклија.

Понеделник

На 9.I останавме во Периклија, цел ден останавне таму. Час пред ручек- војни: строева обука и строева дисциплина; поручек : борбено обученије: во стрелци лево, десно; во стрелци : ваќајне заклон и пребацивајне при движејне.

Торник

10.I останавне исто во Периклија : 20 души замина за Тушин за обиск и судејне на некој шпијони. Часој пред ручек от 9 - 12 стројева обука и стројева дисциплина, от 14 - 16 борбено обученије, во стрелци, ваќајне заклон, пребацивајне и предвижвејне. По ручек Штабо имаше состанок.

Среда

На 11.I останавне во Периклија, имавне делејне на стварите до 12. От 14 - 16 војни час по стројевата дисциплина, по дисциплина збор, стојева обука и бојно обученије, а после беше контрола на изучените часој и имаше добри резултати. На вечерта добивне наредба за да тргаме за Ошин.

Четврток

На 12.I останавне за Ошин. Тамо останавне до дајле нареѓајн што зависи от Ѓерман. од непријатело. На вечерта дојде и Тиќо. На вечерта ојдовне на заседа да им прајме на Ѓерманците и се вративне, Ѓерманци не поминаја.

Петок

На 13.I рано ојдовне пак на заседа. Се сретнавме со Ѓерман ците. Борба настана фронтална.Немците и вате паника. Беја гонети, заробени 15, убиени 20, пушки 28, 4 п.митролези, 60 кебина, 40 ш.кр (ила), 40 ранци, и 3 винтовглавки.

Сабота

14.I останавне и имавне состанок со ќел.,со шт ( абот ) и цел ден останавне во Ошин. Ништо ново немаше.

Недела

Й На 15.I имаше критика и самокритика измеѓу штабо на Батал. и шт. на Бриг ( адата ), а после со партизаните от 2. баталјон. Ништо ново.

Понеделник

На 16.I имаше отсабајле имаше од сабајле приметени три ракети и замина за ж Ајродром една наша и една Грчка чета. До 12 сато имаше прикуплајне на подаци за офицери. На вечерта имавне состанок со сите четни командири, политички комесари, десетари и делегати.
2 десетари беја сменети.

Торник

На 17.I останавне пак во Ошин. Имаше строј цел баталјон и се прочита наредбата от сменетите десетари, а после имаше политички час.

Среда

На 18.I бевне на заседа кај Лугунци. Се вате само један Богарин. Беја збркани от нашите. Се заробија 5 стражари, 5 ранци, а на вечерта се повлековне.

Четврток

На 19.I останавне без леб пак. Останавне над Трстеник. На вечерта ојдобне над Зборско, а на утрото пристигнавне от Ноти, Тушин и над Трстеник.

Петок

На 20.I. останавне пак таму на Трстеник. Гладни пак, немаше леб.На утрото се вративне от над Зборско, 15 камијони си ојдо за Ардеја и една колона от Ноти. Часој никакви немаше.

Сабота

На 21.I останавне над Трстеник.До 12 сатот немаше ништо. Пак гладни. На утрото се деле по једно парче месо.

Недела

22.I останавне пак над Трстеник.Имавне штабовно партиско советовајне.Акците сегашни и разоренијето от Герман. (ците) воj.пол. успех. Други час не беше предузет.

Понеделник

23.I Останавне нат Трстеник. Имаше војнички час, чистејне оружје и настава гаѓајне.Со командирите беше муабет( исано ) по морало дисциплината. Духо офанзивен, по кој војнички часој се нужни. Тактиката и предлози за војни акци; како није сме одговорни не само за руководејне и учејне парт. војн. него сме одговорни и за војни акци. То беше до 12 сатот.Преглед на оружјето.

Торник

На 24 I стигнавне во ххх Зборско. Останавне цел ден таму без да има некој час.Исто одма беја патроли пуштени за врски со дру-

гите чети.

Среда

25.I останавне исто во селото Зборско.Ништо ново немаше. Нито пак часој беја преземени зато што лујгето не беја тука. Една чета беше на осигурање кај колибите, друга тука. Во селото исто тој ден беше предузето перејне и парејне.Беше исто и прослава на Лењин и цел ден со то бевне заузети.

Четврток

Исто на 26 I останавне во Зборско . Часој немаше, беше пак предузето парејне , а пак една чета беше на осигурајне: едната пред ручек, другата по ручек.

Петок

На 27.I останавне пак во Зборско: пред ручек имаше едната чета на осигуранје а ~~хрххххх~~ едната имаше час критика и самокритика, по ручек обратно, со четните раководства и сослушајне на нејој што заспаја на стража.

Сабота

28.I III-та чета имаше час критика и самокритика . Пак останавне во с. Зборско. Ново беше то - Абас ( Цветко Узуновски) помина за Волино и ни каза ути Урош кеда је преместен. То беше на 12 сатот.

Недела

На 29.I останавне пак исто во Зборско. Сабајлето си дојде четата I-ва. Динамит не беше донесен. Припрема беше во Зборско за покрет. Се пареше I-ва чета. За заменик на командантот беше назначен Васил ( Васко Карангелевски) на политичкијо дака Драшкоци беше пуштен во Кавадарскијо ( Тиквешки) одред. Панде за прилепскијо.Полно имаше изменениje и во четните раководства.

Понеделник

30.I исто останавне во Зборско. I-ва чета имаше критика и самокритика.Разоружени от Грчка македонија.

~~Нахх16хххх~~ од 14 до 16 час со четните раководства .....отидоја на припрема ( за маршот - Февруарскиот поход ) на нашата територија.

Торник

31.I Пар.( тиски ) состанок.Задачи на состанокот: I директиви - мобилизација на пар.(тијците) во пост.(авување) гл.(авни) задачи: ( 1 удар на главниот непријател и по нег.(овата) жива снага ( 2) удар на комун(икаци) ( на цад (ината) ~~иии (хиjхх) их~~ лик (видација) на тел(ефонски линии) (3) удар на екон(омски) цент (ри) : руд.скл.

(рударски складишта), фабрики. III Пол. зад. (политички задачи ) : 1 мобил (изација) на си,(от) пар.(тиски) кад.(ар) за спров.(едување) на наш.(ата) линија, (2) обј. и попун.их н.к.ј.о., обј.и попун (објаснување и популаризација на феде.уред.на југ. ( федеративното уредување на југославија). (4)

Вој.час ( војнички час) : чистејне и руковајне на оружјето.

II

Ор.зад. (организациони задачи)(1) уздигајне и ств. на нови кадр. ( стварање на нови кадрови).(2) Усовр. на рук. на ор. ( усовршувањето на руковањето на оружје). (3) Да се изу. и уса.пар.нач.на рат. ( да се изучи и усавршува партизанскиот начин на ратовање).(4) мобил. на мак.нар. ( мобилизација на македонскиот народ).

На вечерта тргнавне за Тодорче преку полето Караџото преку Капинјани.

<u>Фебруар</u>

<u>Среда</u> Тодорче

На 1.II останавне до 8 часот во [illegible] и од тамо тргнавне за с.Ливадија. Стигнавне во 17 часот.От Ливадија заминавне за Боровица Маршот беше голем и беше уморно.

<u>Четврток</u>

На 2.II стигнавне и останавне во с. Боровица. Се одржа митинг Говореше Ж и бај Иван. Часој не се предузеја зато што беја уморни ( борците).

<u>Петок</u>

На 3.II стигнавне во с. Педогас и останавне цел ден тамо. Во селото нешто ново немаше. На вечерта тргнавне за с.Оризари и Женско.

<u>Сабота</u>

На 4.II стигнавне во Женско. На утрото голема умора се осете тамо.

На вечерта тргнавне за Ераклија.

<u>Недела</u>

На 5.II стигнавне во Ераклија, ништо ново. Останавне да одмориме.

Ништо ново немаше, часој не се одржаја због умората.

<u>Понеделник</u>

На 6.II тргнавне от Ераклие за Паторес. До ручекта ништо ново. Имаше час по Црвената армија ( бај Иван ).Друго ништо нарочно немаше. На вечерта заминавне преку Паторес за Сурлово. Во двете села ни пре-

чека со голема радос и голема интимност.

Торник

На 7.II останавне во Сурлово. Ништо нарочно ново до ручек немаше.Имаше веселје и игранка. От 14 до 17. разговарано по политичката ситуација и војничката ситуација во Бугарија. На вечерта имаше игранка и валцер со чупина и јас на игранката настапив.

Среда

8.II останавне во истото село, ништо нарочно. Се припремаше приредба.По ручек дојде еден Германец. На вечерта тргнавне за Платожоќ ( Шугово ). Останавме.

Четврток

На 9.II останавне.На утрото додо 7 души Германци во селото и није ги пропуштивне без да ги закачаме.На вечерта си ојдо.

Петок

На 10.II останавне пак во истото село Шугово. Имаше час со четните раководители и Штабојте на баталјоните и Штабот на бригадата. На вечерта имаше приредба, играјне и се спремаме за покрет.

Сабота

11.II, на 1 часот беше покрет преку Беласица. Имаше снег многу Магарината застанаја, ништо нарочно ново. На вечерта минавне под Колари. Мебус се зајгина и заедно 3 членој од Штабот. Се премина , ја преврливне Струма.

Недела

На 12.II пристигнавне во селото Бојково и тамо поручавне.Се попеја неколку песни и заминавне за другото село и тамо останавне дента и ношта. Во селото Барбарево ништо нарочно ново.

Понеделник

На 13.II раното тргнавне от с. Барбарево за правец на висот (планината) Огражден и от тамо се спуштивне за кај колибите. Таја нош скоро цела нош лупавме и еден водич ни носеше. Времето лошо.Врнеше и реката до нат колејнци ја газевне и останавне во колибите.На 12 часот вечерта заминавне за други колиби.

Торник

14.II останавне во колибите.Водичот беше избегал и бевне провалени и така кон 12 сатот пристигнаја контрашите. Имавне покрет и кон 2 сатот на вечерта стигнавне во други колиби. Ношта преспавне и на утрото 4 сатот преку планина за село Лаки.

Среда

На 15.II от колибите тргнавне преку Плачкојца ( Пљачковица)

и во правец за Лаки.Тамо зедовне неколку пушки . Кметот избега. До 12 сатот спавне и после тргнавне заминавне за село Пеклјане.

Четврток

На 16.II стигнавне во Пеклјане. Одма пристигна једна колона гајновци ( бугари ) која беше от две стрни удрена. Имаше нешто убијени, разбити и коњи запленети. После пристигна једна војска от Будинарци и једна от другата стрна, со цел да ни удрат во бок. Се повлековне нат село . Траеше борбата околу 4 - 5 сати. 2 ранети имавне от кој једнијо капетан а једнијо пол.ком. На вечерта останавне во село. На утрото тргнавне за висот Китка.

Петок

На 16-17 .II ношја патувавне 15 часа, што значи најдолг покрет и гладни и уморни партизаните. 2 стрелачки водој во сел. Истибања, друга група јачина .......... и кладо други. Со пушката ги удрув по раце за да ги дадат земените. Беја две пушки во с. Мресек, Беја земени уште 2 пушки. Беше зауставен и једен војник кој бил на отпуска. Цел ден се пушкаравне.На вечерта ојдовне во Гребен, 10 бугари останаја во селото Истибања.

Сабота

На 18.II се качивне на висот Китка и во колибите и оттамо слеговне во селото Небојане. Таму се пушкаравне на 2-3 пати и ношта останавне таму. Друго ништо немаше. Имаше ношта пушкарајне со 5 полицајци. Неколку пати ношта се пушкаравне.

Недела

На 19.II тргнавне от селото Небојане и скоро цел ден имавне покрет и стигнавне во селото Полјани.Тука на Ордана му избега 2 водичи и ношта останавне тамо и на утрото тргнавне от тамо преку селото Којково и таму нашијо баталјон руча, а на богарите му однесовне собрано.

Понеделник

На 20.II тргнавне от селото Којково и се искачивне десно од Лисец висот. Имаше забелезано бугарска војска и нешто пукајне и от тамо на вечерта тргнавне за да миниме Крива некои ни спукаа контрашите. Поминавне низ Псача и од тамо ја цапавне реката Крива.

Торник

На 21.II стигнавне во селото Петриско останавне и до 12 сатот. Од 12 сатот тгнавне за Криви Камен и бевне по четите расподелени. Вангел беше на лице место сменет од дежурни.

Среда

На 22.II тргнавне на утрото од селото Криви Камен за с.Герман средно мала до 12 сатот ништо немаше ново. Се бричевне и се стрижевне.На 10 сатот тргнавне од Герман за село Поклишти.

Четврток

На 23.II тргнавне во 10 час. и ојдовне за Поклишт. На вечерта једна чета со Васила ојде за селото Дреник.

На вечерта со Михајло се здекавне : речено секој за сирејне се прајт болен, а јас му одвратив незна кој се прај болен за чај.

Петок

На 24.II се врате I та чета во еден часот . Нешто нарочно нема. Беше земено од кујната једна кама во тађа кујна нема.

Во 9 час. тргнавне.Ѕспат се сретнавне и удривне на заседа, Дражеска ( четничка ЗХ на Дража Михајловиќ).

Јас бев болен: се почна борбата. Дончо и Тичо беја напред изложени под силен оган; непријателите беја 40-50 . Убити непријатели 1 и еден заробен. От нашите 1 убит и 2 ранети. Борбата заврши со успех. Разбијени беја Дражевците. На вечерта тргнавне во правец за Кокино и спавне.

Сабота

25.II останавне во Кокино. Бев многу болен - грло и , маларија. Се пуште патрола за да се вати врска со кум.Батал. ( Кумановскиот баталјон). Се вати и 4 нивно дојдоја ваму.Патрола беше пуштена во блиското село за леб. Лилјана дојде, донесе јот и ме намачка и ми дојде малу подобро и на вечерта останавне тука. Друго нешто немаше али врската со Кумановскиот баталјон је от огромно значејне.

Недела

На 26.II стигнавне во селото ( Жегљане). Се формира III Бригада. Говореше Апостолски,а и Темпо и бај Иван. Истојо ден беше преворфмиран Штабо на Бригадата.: Михајло беше поставен за заменик на пол.комесар. Васил беше поставен за командант. За заменик мој беше Груев, а за политички комесар Минчо. Истојот ден пукна пушка , се расцепе и го рани Васила.

Понеделник

На 27.II тргнавне от селото за Манастирот и тамо спавне и на вечерта имаше критика и дискусија за по патот от Грчка до Козјак.

Торник

28.II. Останавне во Манастирот ( Ии Свети Проход Пчињски). имаше 2 реферати: За политичката ситуација во Македонија , Југославија и во светот и војнички реферат. Политичкиот(реферат) го одржа Темпо ( Светозар Вукмановиќ); војничкиот ( реферат ) го одржа) Апостолски ( Михајло). Исто зедоја участије и Ченто ( Методија Андонов). И тој ден останавне тука, ноштa спавне. Друго ништо нарочно.

Среда

На 29.II тргнавне от Манастирот во 6 сатот и Темповци и со Брко и со Бугарите: ихмуххинниднини ( припадниците на Бугарскиот батаљон"Христо Ботев") и му предадовне радио станиците: Во Брлевац II и III баталјон се разделија и ојдо на положај.

На 29. II цел ден водевне борба со Дражиќевците. Није бевне баш во центаро и многу тешка борба ( водевне) и избивне на косината. Во истата борба беја заробени 90 Дражиќевци.

Март

Четврток

На 1.III останавне во селото ихии ( ?) и се припремавне за покрет.Имавне состанок со четните раководства и во еден сатот тргнавне за бој кај што другијот минали ден водевне борба. Друго : стрелани беја 7 Дражиќевци и кон вечерта стигнавне во село Росце.

Петок

На 2.III до 7,30 часот останавне во Росце и Тргнавне во покрет.

2.III партиски состанок : Извештај ( војна акција), час со четните раководства по акцијата.

Задаци ж ; Положбата во баталјонот добра.

Ауторитетот за штабот и четните раководства и попосле( зборот нечиток)

Сабота

3.III стигнавне во с. Борњари. Се бараше од нас оружје.Друго нарочно немаше.Командирите беја викани за грешки и беше одржан по то ( после тоа ) час. На вечерта излеговне на позиција, на иди једна група наши кој си идеја от Црна Трава. Во 8 сатот тргнавне за Ново Село и от тамо имаше пушкарање со Дражистите и 3 беја заробени

Недела

4.III от Ново Село ојдовне во една куќа.Беја ватени уште и 6 ( Дражиќевци). Три вати (фати) једна чета от нашите. Дента

имаше пукајне во Гурновац. 6 души му избега на Дане; 1х од Гурновац. Во 8 сатот заминавне за с. Широка Планина и на вечерта тамо се сместивме. Ништо нарочно немаше. Беше грешка напрена по смештајот на штабот.

Понеделник

На 5.III останавне во с. Широка Планина. Ништо нарочно немаше ;от Широка Планина за Козји Дол, беја ношта во Козји Дол украдени јаболка от једна кујќа и скршен цамот. Сослушана беше једна чета.

Торник

На 6.III останавне во Козји Дол. ~~xxxx~~ Преземено беше парење (вриење на алиштата во котел на оган заради умртвување на вошките ). Друго ништо нарочно немаше. И саслушавне за јаболката кој ји украде, но пак не се установи кој ги укради.

Стреда

7.III во 5 часот тгнавне от Козји Дол за с.Трговиште. Није бевне на северна стрна за осигуровка и тамо се распределивне.Политички час со пол.ком. и делегатот по функците и напрените грешки. Друго нешто нарочно немаше. На вечерта за доста работи политички и војнички му објаснав скоро целата сложена ситуација.

Четврток

8.III пред ручек имаше политички час критика и самокритика: Две чети тука заедно и една чета башка и имаше и за Штабо критика...

По ручекта имаше војнички час - развивајне во стрелци, изненадно развивајне во стрелци при движвајне и пребацивајне, јуриш, полека општо просту напредвајне,строј по десетини и брзо развивајне во стрелци.

Препад во село и престрелка.А после дискусија по добрите и лошите страни, прво со партизаните, а после со командирите и десетарите.На вечерта слеговне во ~~xxxxxxxxxxxxxx~~ варошицата и тамо се најдовне со Темпо. Патот беше забуштрен.......

Прток

9.III стигнавне во село Буштрање и тамо имаше кавга со Василевиот штаб. По се изгледаше да ути појке му беше така (бидејки) богата куќата.Сетне кон вечерта му писавне писмо мало го зезнавне и на вечерта дојде да се разбериме така мало се успокои; 3 пушки резерва му предадовне и једна добија добија. Васил ~~xx~~ кафте ( како да ) беше разнервиран со то што рековне да се врви. Таја нош се префрлија Дражиќевци преко пруга за Србија. Бев истата нош болен.

Сабота

10.III на утрото во 5 сатот во друга мала и тамо останавне до 2 сатот, час војни- ~~позиција~~ (Егзерцир); војни час - единична обука - I дел

-мирно,во десно, во лево на лево круг и еден према други да се учат да командуват. И на Вечерта ојдовне за во селото Клинавец. Тамо останавне до на утрото. Друго ништо нарочно немаше.

Недела

11.III Сабајлето останавне во Клиновец имаше конфискувано од једен поп ствари. Имаше војен час како I дел егзерцир; полу во лево, полу во десно, клекни стани, легни стани, клекни легни, команда за покрет, со началникот на командата на Штабот на бригадата почнавме муабет по командите. Имаше покрет во 10 часот за Света Петках и тамо се распоредивне за храна. Пол. ком. и делегатот имаја час и нивните заменици штабни состанок по должностите на членој на Штабо. Критика: положбата во Баталјонот, критика и самокритика , разно.

Понеделник

На 12 .III пристигнавне во с. Спанчевац стигна Косоварскиот баталјон. Тука није се спремавне ко за непријателот. Наредба добивме број 1.

Нешто нарочно немаше ново. На вечерта Тичо писал наредба да му дам једна зорка ( митолес). Јас ја одбив и така беше разнервиран и после није му дадовне.

Така на утрото вика : "недисциплиновани команданти неможат да бидат" ќе те сменам, но и ќе те истерам од мојата бригада".

Торник

На 13.III 1944 пред да тргниме от селото Спанчево, Тичо вика ути такви команданти, недисциплиновани не требело и вика ќе те сменам от командант и ќе та истерам от мојата бригада. По моја проценка је от негота амбиција; часој немаше, на вечерта ојдовне во селото Богдановце. Друго ништо нарочно немаше.

Среда

14.III останавне во селото. Час имаше војнички доручек 2.-II -I и после ручек имаше политички час и митинг. Во 2 часот дојде наредба за покрет. Во 1,30 ношта тргнавне.Димче беше со нас. Друго ништо нарочно.

Четврток

15.III ношта тргнавне одБогдановци преку Ново Село за Биљача.Ништо нарочно немаше. Во Биљача се стрела један Дражиќевец кој насилувал жини. И час беше одржан по стражарска служба и уопште осигурајне.

## Петок

На 16.III во 4 часот ојдовне во Турско Буштрајне. Час беше одржан по .......

После ручек во Биљача влегле контраши и полицајци, а Косоварите ги нападнале: 4 убиени, оружје само от једен земено. После Бугарите како да растория 18 камијони војска и нападнаја општо от Биљача, Буштројне и от кај Бугариње. Тамо беше една чета от III батаљон и дна чета наша. Се показал пушкомитролезецот Јово. Није со две чети бевне над Биљача. Збока ( отстрана) една десетина ги удре и почнаја да отстапват. На вечерта се повлековне во с.Свињишта.

## Сабота

17.III Во Свињишта имаше пак пушкарајне: III чета наша и 10 од Карпошовиот батаљон. Грешка од нашите што тије не ги заробе тој Бугаринот. Така да тој го заробија Карпушовци Дулбија и после се повлековме во селото Спанчево, тамо ручавне и от тамо за Борлевац. На вечерта беше пуштено во Спанчево кај попот Дражиќевци имало тамо, еден болен и еден ранет.

## Недела

На 18.III останавне во Брлевац, час војнички - чистење и опис на оружје.По ручек-во покрет: клекни стани, пак во корак и слично. 3-I.

3.Нови другари ни беја доделени, 2 -ца преместени од 3 чета: 1 за II а 1 за I чета. Друго ништо нарочно немаше. От 3 сатот тргнавн за с. Буштрајне и спавне тамо; исто и Андреја од Гл.штаб дојде.

На вечерта -партиски состанак: критика за неозбилност. Друго ништо нарочно.

## Понеделник

на 19.III 1944 останавне во Буштрајне пак во истата куќа. Списоци се праја ( правеа). Друго ништо нарочно.

Командирот четни и заменикот беја кај началникот на штабот на бригадата. Час немаше. Почивка беше, зато што беше празник:командирите има со началникот на штабот на бригадата, политичките комесари и делегати,по линија на Народ.Осл.Војна друго нарочно ништо немаше. Дојде исто и III баталјон, а Косоварите си ојдоја.

## Торник

На 20.III 1944. На утрото поручавне и во 7,30 часот тргнавне заНово Село, преко Русце. Друго ништо нарочно немаше.

Во Ново Село добивне задаток да се збери населението за збор кој ќе држи Темпо. Нас ни се паднаја 5 села- Јабланица III чета, Мала Река I чета, Могленци II чета.

Среда

21.III дента останавне во село Јабланица.Прикупвајне селјани на конференција. Дента тргнавне за с. Мегленци тамо се најдовне со II чета, во с. Шумата Тоторница се најдовне и со I чета. Преку Петрулинци за с.Негоричино спавне на вечерта.Се најдовне со III баталјон.

Четврток

22.III Тргнавне од Негоричино за трговиште. Тамо говореше Темпо, еден по КПЈ, Лиљана по омладина. Темпо нарочно за нашијо баталјон : " .... другови моји, кој од Кичево, Кожува, Беласица, Осогово и Брегалница , ...." а натаму и за другите баталјони. Останавне и по вечерта тамо. Имаше делејне на нешто англиски алишта.

Петок

23.III Останавне до 8 сатот и после се построивме и поздравување вршеше Бригадата на Командантот на Македонија.

Темпо пак рече апаши Овчарови, и мене ме плесна по образ. И после тргнавне за Русце. На пат имавне состанок со кој генералот по случај на једен одред ни беше земен пушкомитролезецот Брко.

Стигнавне во Русце каде се распределивне. 5 души беја пуштени во Буштрање за леб.

Сабота

24.III останавне во русце и се паревне; 6 души беја пуштени за минирајне да свршат курс. Час со четните раководства по задачи, по формирајне на тројки, напад на утврдени пунктој, троугласто мерејне, исто и со партизаните отсем напад на укрепени пунктој, после ручек, до вечерта, имавне состанок со штабо на бригадата и добивне задаци по нападо.Соопштено ни беше да ути покрет ќе биди во 6 сатот от кај кафаната Русце. 10 беја земени пак за леб во некое село, изгледа Буштрајне. Состанок на вечерта со штабо на баталјоно по задатоко.

Недела

25.III 1944. От Русце ојдовне за Сејаце. III чета закасна. Друго ништо немаше. Час имаше-по препад на возот ложиолница : 2 пати дента 2 пати ношта; исто имаше и со четните раководства критика и самокритика; положбата во баталјонската заанина која беше и другиот ден завршена. Нешто нарочно немаше.

Понеделник

26.III 1944 от селото Сејаце во 6 часот тргнавне за

Барлјевац. Тамо имавне до ручекта исто час от препади по истото и со четните раководства се заврши часот. На вечерта тргнавне за с. Света Петка. Спавне тамо. Разбрав ути во Ристовац (дошло најочајно.

Торник

На 27 .III 1944 год. од Света Петка за Буштрајне кај ке ги обавестам четните раководства. Друго ништо нарочно.

На вечерта тргнавне за на извршајне акцијата. Најдолу селото се стровне ( построивме)и генерало држа говор по акцијата. Тамо нашијо баталјон уште нестигнат на место, ни открија , после се сконцентрисавне и ~~xxxxxxxx~~ и чекавне повторно да се отпочне мислејки ути не се уште стигнати оделенијата, ни открија, така беша направен голем пропуст. Една група со минерите ~~тие минирале обратно;~~ ~~четири заробени, еден ранет. Особено јас голема критика направ. Голема~~ ~~критика~~ се отцепе, 10 души од II чета ( пол. ком. и заменикот), тие минирале обратно: 4 заробени, еден ранет и така, а особено јас голема грешка направ.

Голема грешка по неизвршејне на акцијата моја.27.III неодлучност.

Стреда

На 28.III се повлековне низ Буштрење за Русце и от тамо за Владова, одовде на Ново Село. На вечерта ( по враќањето ноќе) тгнавне за Манастирот"Свети Прохор Пчињски". Тамо и спавне.

Се делија ствари дадени от заробените.

Четврток

На 29.III от Манастирот ојдовне на Камен Мост, а от тамо во с. Пелинци. Тамо се распределивне за ручек по кујки. Беше писајне оружје и изравнајне. Нешто друго немаше. Грујев си ојде и јас останав без заменик. Останавне и ношта.

Имаше партиски состанок. По акцијата констатација: за неизвршејне беше наша грешката.

Една десетина беше земена от нас за предварително за во Жегљане.

Петок

30.III 1944 от с. Пелинци за Жегљане кај што се формира бригадата. Бевне пак распределени по кујки. Од Жегљане тргнавне за с. Дејловско. Тамо спавне.

Сабота

31.III 1944 во Дејловци наутрото стигна 30-тина војници. 1 беше заробен. От тамо преку Поклиште ојдовне за Ѓерман. Тамо останавне до вечерта. На вечерта минавне Крива Река. Патувавне

18 сати. Имаше боси, но издржаја. Издржавне и на студ и на покрет. Стигнавне во селото навечер. Исто ни беше даден план ~~дж~~ за напаѓаjне на рудникo, 80 немци директ. инжин. секрет. цент. жица. Сето да се уништи.

Недела

На 1.IV 1944 ни обдена на Осогово, на Лисец. От тамо слеговне во селото.На вечерта добивне задаток подробно што и што ќе напаѓаме.Околу пол нош стигнавне во близина на Пробиштип,на рудникo.

Понеделник

На 2.IV 1944. Во 2,30 часот нападнавне на рудникот Пробиштип.Уште предварително ни открија.Акцијата беше добра.Неуспех во то што не беше убо напраjен планот.Није уместо кај Германците није ојдовне на Богарските војници.Уместо 30 то ти биле 150.Имаше убијено непријателски војници 5 – 8 , заробени 13 , исто и толку пушки, 2 бунди, шатор. крила и други војни материјали; исто и 5 работници. 3 часа борбата трајеше имавне 5 души ранети.

После се повлековне и пак борба. Богари дојдоја от кај Кратово.Нарочно беше застрашена једна чета– I – .Ароплан ни бомбардираше на 2 пати. Последен пат 2 рани и после пак си кренавне за на кај Дренак. Двајца дезертираја, Кушњак и друг; дезертира исто и еден Дражевец.

Торник

На 3.IV 1944 стигнавне во Дренок. Еден војник ни избега од заробените и ни провале во Страцин.После дојде војска.Имавне пушкараjне, само беја далеку. Исто дојде[и] авијоно.Дулбијатата ја заборе~~н~~.Исто имаше једен ноф кумановчанец –дезертира.

На вечерта се повлековне во Желудино и тамо останавне. Имаше комешаjне со једна косовска чета.До 12 сатот сетне си легнавне .

Среда

На 4.IV 1944. На утрото уште рано во 5 сатот Гајно ни полусардиса и није кошто бевне успани наједнаш чувне пушки. Усигурајнето беше слабо, исто и небевне поврзани со четите. Паника немаше кај никој.Наједнаш ватра му отворивне и останавне во правец на главнината и се повлековне во правец на Дејловце и Арбанашко.Пак авионот сакаже да не бомбардира, но му отворивне оган и тој си отиде.Друго ништо.

Исто тамо си го заборев ранецо.Непамта оти тамо во Маглен-
ци и ојдовне во Нагоричино.Тамо останавне цела вечер.Имаше заклано
вол.(овско) месо.

Четврток

На 5.IV 1944. П.сост.( партиски состанок).

Од Гурновац тргнавне за Трговиште и тамо се распределивне.
Није ојдовне во едно село над Трговиште. По ручек имавне парт.сост.
по извештај) -стањето во батал(јонот),задаци, критика, разно и
останавне тамо и вечеравне.

Прток

На 6.IV 1944.

Пак останавне во истото село с. .... ( не е наведено)
Имавне партиски состанок . Цел ден останавне тамо и чувне пак ути
дошол Андро ( Страхил Гигов) от Гл. штаб. Друго ништо нарочно немаше.
На вечерта останавне тамо ....... Брнчеја аропланите, пуштаја
ствари ...... 3 вечери једно по једно.

Сабота

На 7.IV 1944.

Во 16 часот имаше покрет и слеговне во Трговиште.Имаше
ствари за делејне от Англичаните. Добивне ~~нк~~ шмајзери, алишта и
оружје и отука одма тргнавне за Шајнце, а тамо останавне во горната
мала. На вечерта имаше критика и самокритика и тамо беја изменети
четните раководства: Цон ком. , зам. Шајн. За заменик I чета Вандо.
Друго ништо немаше.

Недела

На 8.IV останавне во Шајнце.Ништо нарочно немаше.Имавне
час, имаше со четните раководства.На вечерта имаше критика и само-
критика.Добивне исто и оружје. Пак на вечерта останавне и вечерав-
не.

Понеделник

На 9.IV 1944 останавне пак до 7 сатот и после ојдовне за
Ново Село.Тамо поручавне и ојдовне во Владовци. Исто имавне час со
четните раководства и со десет.( арите), делег.(атите) -по положе-
нието во баталјонот и беја и дадени ~~ххххххххххххххх~~ извесни
напомени по слабостите во баталјоно и на вечерта останавне тамо.
Немаше ништо и се вечера тамо.

Торник

На 10.IV останавне во истото село.Ми дојде писмо да одам

во Ново Село и да дигнам оружје.Одма беше земено оружје и добивне извештај да уту бугарите иделе према Русце и одма плачките беја разделени на брзина.Појдовне на положај.После 3 сати борба се даде наредба за јуриш особено кај Црквата. Дојде и Андреја Љиљако. Ако се земи уопште најцешка борба,најжестока,друго и плен имаше ( му се добравне на 10 метра денски, јуришот исто јас најнапред) плен - 5 убити, 5 пушки, 2 пушко митролези " шарци " , еден тежок-митролез, 2 тешки минобацачи, една радиостаница и мотор " Динамо " и едно топче. И гонивне чак под Буштрање. " Бонде" беше ранет од на Лазо пушкомитролезот.

Пак се вратвне за вечера во Владовце.

<u>Среда</u>

На 11.IV 1944.

Останавне пак во истото село до 9 сатот и после имавне покрет низ Ново село за Петрова шума Тоторница, рамно за с. Малотино. Во шума Тототрница беја останале 2 десетини со ствари и тамо се распределивне,со бригадата дојдовне во Молотино.

<u>Четврток</u>

На 12.IV 1944

Останавне во с. Молотино. Ништо ново немаше. Само Џон се поболе от тифус.Чак имаше чистејне и руковајне со оружјето. Друго ништо немаше.

<u>Петок</u>

На 13.IV ношта тргнавне во 4 сатот од Молотино за Пелинци. Во Пелинци остајвне тешките минобацаци а и теш.митролези и от тамо слеговне во Пелинци, се распределивне во малата горна. Тамо се поболе и Борис, а имаше пак ствари за делејне, исто и Ташко. Имаше на вечерта напомена по хигиената . Зеде дума и Смилевецот.

<u>Сабота</u>

На 14.IV рано тргнавне от Пелинци. Џон неможеше да се тери и остевне једна десетина со него. Закаснавне со бавејнето негово от тамо во Жегљане но тамо Бригадата заминала, а казаја за Кокино и отамо једна патрола ни прихвате и ојдовне за с.Рамно. Тамо друга патрола ни прихвате и ојдовне за Дубочица. Похвала за борбата во Русце от одговорен на Главниот штаб. Не плански поход него на парче. Тамо спавне али Бустриковата десетина не дојде. Пет души беја земени за на ајродром.

Недела

На 15.IV 1944 останавне до 8 сатот во Дубочица. Отамо тргнавне али пак закаснавне.Отамо меѓу Дубочица,Варката и Арбанашко имаше почест ~~их~~ одржана на паднатите другари ......... Во Арбанашко час со зам.на ком. и чет.командири, а после и со партизаните.По поздраво и во лево круг, во десно, по командвајне и работајне.3-ца испративне по Бустрико за да ни поврзи. Друго немаше ништо.

Понеделник

На 16.IV беше Велииден. и пак бевне во Арбанашко. Десетината на Бустрик стигна. Цона го остајле и Ташка во Молотино. Нешто нарочно немаше. Друго -4 -на пуштивне по Цон. Прослава имаше во Арбанашко.Имаше песни, играјне и забава.После тргнавне за с.Кокино.

Партијски состанок, друго - спавне тамо. Пецо беше казнет со строги укор.

Торник

На 17.IV 1944. Останавне во Кокино и тамо имаше час езекцир.

Во 1 сатот беше читана наредба за заменик на команданто, беше назначен Пецо Гудовки и от тамо ојдовне за Бајловци.Тамо ~~у~~ имаше час со командирите и десетарите и со делегатите.

Во Кокино остана ко болен Коле.

Среда

На 18.IV 1944. Рано собравне којни от сите села и ојдовне за Ајродром по ствари.Имаше доста ствари и на вечерта пристигнавне во Арбанашко.

По патот падна један којн и јас се ицапав.

Час.егзецир.

Четврток

На 19.IV Раното се делеше оружје.Доб.(ивне) 3 п.митролези, муниција, алишта.Нешто друго немаше.

Час- напад на укрепени објекти, проба.

Друго немаше.

Петок

На 20.IV ни зедоја 3 за пратеќа чета и тешкијо митролез и Стефани.Поднесовне извештај.

Имаше час со з. команд.и командирите на егзецир. Ранет беше Васил от Чушкаро имаше полит.час. Сослушана Пада и Пецо.Друго немаше.

Сабота

На 21.IV останавне во Арбанашко.Час.егзецир. Пукајне

пробаја на пушки, минобацачи. Врлив јас 3 бомби.

Недела

На 22.IV беше ранет Васил. Бригадни час - напад на гад, улици укрепени објекти.

Скоро цел ден. Политички час со сите партизани, нарочно новите.

Понеделник

На 23 ~~хх~~ от Арбанашко тргнавне за во Паклишта. Мара ја зедоја ~~хх~~ со Васила . ..... ~~Мар~~

Наредба беше читана за Зафо. За патролите и друго, ни беше објаснет плано. за Поклиште за Кратово.

Торник

со -- ......

На 24.IV останавне во Поклиште имаше час ~~хх хххххххх~~ развивајне во стрелци и беше објаснат плано за нападо на Кратово 4 сата дискутиравне .На вечерта имаше покрет, цела нош имавне покрет и усилен марш.

Преминавме преку Крива ......... и цадето.

Среда

На 25.IV 1944.

Нападнавне на Кратово. Није напаѓавне на банката, општината околискоѫ~~хх~~ управление, даночното управление, комесарството, аптеката, поштата, соколаната и мостот. Се успешно се сврше. Уништени сите учреждениија, убијен окол. управител; 5.заробени и убијени после самоинцијативно на школото 150 . 6 (угарски) војници со сето наоружајне: 5 т. митролези, 2 т.миноврлача, 9 л . митролези 150 пушки, 15. писаќи машини 1.шапилограв, 1.преса, 2 радија,20. хил.(јади) лева, многу санитет, 5.левровори,4.сатој, 3.машингревера, многу муниција, шејкер. Уништено :Архивите ~~хх~~ от сите учреждениија, 10.контраши, полицајци и војници. После свршувајнето на таја работа одма ојдовне на позици. 4 сата борба со бугарите, околу једен пук кој ~~хххххххх~~ спасе :...... кој преди то разбија нашијо II баталјон. После отстапвајнето богарите јуришаа на нашите позици,

Наши загуби немаше ништо во борбата. Загинаја 2, патроли 4.,Боро от Штабо му даде задаток. Така се загубија косоварите на Козјак и една чета от III батал (јон) не успеја. Имаја 4.мртви, 4 ранети; II батал (јон) 10. души изгубени. III и на школото не си го исполнија задатоко.

Сета свршена работа се должи пojке на нас.

Четврток

26.IV 1944

Тргнавне од горно Кратово ( горниот дел на) за Нежилово. Сите ствари беја однесени при штабо на бригадата. 19 нови ~~бија~~ ( борци) беја доделени. После Бугарите го ватија цадето со цели пукој за да не се вратиме. Сетне ојдовне во селото Кнеж~~ино~~ево и тамо останавне за спајне.

Петок

На 27.IV останавне во истото село. Имаше час краток со командирите и политички ком. Во селото Кнежево. Исто и со партизаните, стана со Нафи и Нада исто и сослушајне и се си каза.

Штабни состанок и беја распрени многи работи.

Сабота

28.IV

С.Емирица от Кнежино тргнавне за Емирица и тамо се распределивне за јадејне.... час пол. имаше војно борбена обука и настава гаѓајне и после се распревне со Нада за со Нафи - Шајн.

Недела

29.IV Тргнавне за Небојан .Тамо останавне час политички, имаше мобилисани от Кочани и од Мишино. ......

Понеделник

30.IV ојдовне од Мишино за Пресек во Гребенска мала. Тамо се разделе, исто и во Долги Дол. Мобилиса~~ни~~ни имаше, радио се запленни и други работи. Тамо спавне. Исто час со четните раководства и десетарите.

Торник

На 1.V останавне во Гребенска мала. Беше 1-ви мај, имаше мобилизација и жито се делеше. Исто имаше час војнички со четните раководства, десетари, делегати и поарни борци. На вечерта ојдовне во Пресек, Чукор мала и тамо спавне.

Среда

На 2.V бевне во Чукор мала. Имаше војно-политички час. Патролата која беше пуштена Овчаро да фати врска со тије на Пљачкојца се врате. Тије разбрале ути префрлиле вамо. После дојде патрола от одредот бугарски. Се поврзавме ути и тије од Пљачкојца биле тамо. Имаше борба со Гајновци кај Гребенска мала. На брго отстапија, и се најдоја во небрано. На вечерта ојдовне во Цветишница, во Дединска мала.

Четврток

На 3.V ручавне во Цветишница и ојдовне за наша територија.

Се качивне сите одреди на Китка, Султан тепе и слеговме на Крива.

Цела нош и цел ден пат врвевне. 22 часа пат беше до Хорар. На Крива се изгоре једна станица. Беше и доста материјал запленет.

Петок

На 4.V останавне во с. Мала Црцарица. Кон 5 сатот дојде Бугарска војска. Преди то ни зедоја от Страциң (?) 14 души партизани. Борба почна III баталјон , исто и косоварите. Није бевне на височинјето на границата над Црцарица. От таде тргнавне пак, цела нош имаше пат.

Сабота

На 5.V стигнавне во село ......... (?) ватени се 2 пушки , радио, 6 рала чевли, 2 мастила, сапун и други работи. Час политички со новите.После 5 сатот почна борба.Горе беја Косоварите и Втори баталјон. Није ја разбркавне једна група бугари од долу,от кај општината. После оттука пак цела нош патувавне.

Недела

На 6.V стигнавне во село Црнашица. Почна борба уште во 10 сатот. Се водеше кај Косоварите, три пука Гајновци. "Ботев" (Баталјонот "Христо Ботев") , со една дружина и појке , после Косоварите ги удрија от три страни но голема издржливост на Косовците. Прво сакаше да се проба така, пробаја от јужната страна но не се успеја зато што од боко идеја 2 чети наши, после се префрливне и ојдовне према Босилеград да вршиме пробој со јуришот преку један гол простор. Једна десетина на Овчарот сама изврши, но узастопце за 45 минути и пак нашите отстапија. Жертви от нашиот баталјон : 3 ранети,6 от II баталјон, 3-4 ранети Косовари. Кој ранети кој убијени 20 од строј. На вечерта се напраја глупости от погорните штабој.Без врски читави единици: једна наша десетина остана без врска, посве 2 дена се најдовне . Најжестока борба и опасност од ко сум партизан.

Понеделник

На 7.V 1944

После цела нош пативајне низ богарска територија под Босилевград и денеска патувавне преку цаде и стигнавне во с. ......? и оттаму ојдовне во друго село. Беше поставена извидница но убиена беше от контрашите и полицијата на заседа. Није претресовне се и ги најдовне жртвите.После имавне покрет под Божинци за селото.

## Торник

8.V 1944 Стигнавне над село .......... кај што напревне маневри. Останавне цел ден, 2 дезертира и после, от ко се стемни оjдовне во правец за ц.право ........Горно.............. на пато загувен Зафо.Нашите беа партизани от сите најгладни но дисциплиновани и пак издржаја. 2 болни оставне кај општината и се поврзавне со ........

## Среда

На 9.V 1944. Излеговне во селото кај општината 10-15 дена само дејне по 2-3 сати спијејне . Борби скоро секој ден, колку беше тешко и зато беше масово дезертирајнето.После се поврзавне со бригадата на I штаб, на вечерта оjдовне во Црна Трава. Тамо се најдовне со нашите - разделените и спавне во селото.

## Четврток

10.V 1944 Останавне во Црна Трава цел ден . Се паревне, пеевне и игравне. Имаше час- Реферат - националното прашајне на Македонија, како и зошто се бориме и друг реферат за политичката ситуација.

## Петок

11.V 1944 рано сабајле тргнавне и оjдовне за Дарковци. Тамо се распределивне ( јас бев малку болен). Исто имаше час со четните раководства, беа назначени други десетари и делегати. На вечерта имавне играјне. После ни беше казано за да одмараме другиот ден.

## Сабота

На 12.V 1944 останавне до 14 часот во с.Дарковци. Имаше муниција за делејне ни беше соопштено за правецот на кретајнето назот на Козјак, Осогово во 2 часот. Имавне покрет 3 беа стрелани од другите баталјони што избегаја после избивне горе, косоварите има почнато борба после доби ни и нашиот баталјон да појача и да го спречи Бугарското продирајне према нас. За малку ни беше казано да се Гајновци околу 300 -400. За кратко време му беја земани позиците на тије претпоследната позиција на 20 метра отстапија по малку на јуриш отстапивне. И за малку Косоварите попуштија во центарот и така нас ни дојдоја во грбот. Није со голема брзина моравне да го напуштиме висот и така имавне спрема неточни сведенија 3 рането, 4-5 мртви. После повлекувајнето малку се уреде, но једна група зеде надолу во долот, и ако није му викавне , но тије одбија и зедоја надолу и така се отцепивне.После останавне во истата шума кај што се водеше борба. Диме ни остана на патот заспа.

Недела

На 13.V 1944 бевне во истата шума.Почна Гајно да претресвит и така се преместивне. Во премествејнето ни се прекина Лазо Зафо; 10-14 други останавне во најлошо положеније на нашијот живот: Да стоиш во устата на пепријателот. Исто и друго, така си остевне. Гајно ја имаше блокадата на сета шума и цел ден моравне да се укопаваме.

Понеделник

На 14.V 1944 останавне во истата шима, гладни. Гајно се извлеквеше от секаде. Така добивне извештај. Исто тува и се довлекоја надолу и другите.....

Торник

На 15.V 1944 Гајно беше повлечен. Патролиза поврзвејне беја испратени- 6 патроли за Дарковци, Црна Трава, Преслап, Гратско, Јабуковиќ; друга - Дарковци-Прсалов- само за вези, но никаде на се поврзавне. Жертвите беја погребени кој беја општо осум од сите баталјони. За Лазо разбравне ути бил за Конано. Вечерта се поздравивне со командантот на I баталјон косовских-Огнен и ојдовне за Дарковци спавне. Исто се поврзавне и со Бранко, командант на Врањевското подручје.

Среда

16.V 1944 Останавне во Дарковце. Пратив једна патрола за Јабуковиќ, друга за ........... ( ? ). Владов Дол, Црвена Јабука, Преспап, И пак си останавне во истото село, Целата ноќ. От таму пуштивне патрола за "Ливада " и " Брод " ...... Патролата уште од Црвена Јабука не беше стигнала во истата мала.

Четврток

17.V 1944 бевне во Златаново мало. Патролата от Јабуковиќ стигна, от Црвена Јабука не беше стигната. От Брана стигна патрола и не обавести да са заминати и 2 наши групи за Вранското подручје, једна за друга.

Петок

18.V 1944 Во Дарковци, во истата мала таму се најдовне со Попе и Ристо. Многу останаја задоволни што се видовне. Исто во Црна Трава се видовне со ранетиот от Арбанашко и после цела ноќ имавне покрет.

Сабота

19.V 1944 Стигнавне во Ново Село. Кога врвевне низ Романовце се гледаше Сурдулица, но није останавне во шумата под Ново Село, макар да патувавне цела нош от Црна Трава до Ново село 24 сати пат гладни, но сепак издржавне.

Недела

20.V 1944 Останавне во Шумата над Бабина полјана. На вечерта слеговне во малата. Се најдовме со Мирко командант на VI бригада. Тој ни обавести да нашите бригади отишле за Карадак. Во шумата немаше ништо . Патрола Гајновска на висо на Бесна Кобила. Избега заменико на командиро на III чета.

Болницата је остевне тука.

Понеделник

На 21 .V останавне во Бабина Полјана. 7 јаганца ни дадоја на нас и на Косоварите. Двајца нови отпуштивне, а Косоварите појке; 6 му дезертираја;Пуштивне три врски : једна за Сливница, една Стојовце, една за Герман. Таму замина Вангел , полит.комесар. Не излагаја да дошле Бугари. Није избивне на позиција. На вечерта пак ојдовне за Ново Село. Од Миљовски добив писмо, бараше обавештејне за Гл. штаб.

Торник

На 22.V во шумата на Доларско мало, во Ново Село, јадејне ни носеја от селото. Со Косоварите бевне заедно, на вечерта се разделивне. Ги чекавне групите .Тие неути биле тамо. На вечерта ојдовне во Рупарска мала и тамо спавне.

Среда

На 23.V во Ново Село доручковавне, писмо писавне на Мирко -командантот на VI бригада и потполно није се разделивне. После 9 часот ни јавија ути во Ново Село се наполнило со војска Бугарска. Није се повлековне во шумата.Почна да врни снег и да студи. ~~Ххх~~ Дури на 23.V 1944, на вечерта, пак си ојдовне во истата мала на вечера и тамо устанавне. Немаше ништо ис спавне тамо.

Четврток

На 24.V во Ново село бевне, само се преместивне во друга мала на доручек. Немаше ништо на вечерта. Вечеравне и тргнавне за ~~6~~ с Топли Дол. А тој ден го најдовне од пратеќа ( чета ) једно кратовчанче, глуво ненормално. Така познат, мало смешно, стигнавне во Топли Долската шума и тамо спавне. Тој ден немаше ништо нарочно. Пративне патрола за Стојковце, каде што му беше казано на Вангел да дојт.

Петок

25.V Останавне во Топлидолската шума до 12 сатот. После слеговне во селото, но избега кметот и слугата на тој газда што ручавне није, да така после пак се качивне во шумата. Коста створе паника ути има колона бугари, а тије беја гојда (говеда ). Но вечерта пак слеговне во селото, вечеравне и за другиот ден зедовне пет јаганца и заклавне и после 12 часот тргнавне пак за Ново Село, каде је беше ~~и~~ заказано на патролата от Стојовце.

Бранко малиот се изгубе; заминал за Ново Село и тамо во месната Команда.

Сабота

26.V Топли Дол

Стигнавне во Новоселската шума. ~~Тринини~~ Пративне патрола за да го поврзи.Патролата .......... Стерја ( ? ) го поврза и донесе писмо од Вангела ~~да~~ а ~~к~~ Бригадата и нашите групи заминале за Брцко. После 10 сатот во Ново Село дојде војска.Једна се врате за Крива Peја, а другата замина за Стрешер. Није се преместивне под село, после видовне да има Стрешер има друга војска. На вечерта тргнавне за Бабина Полјана. Малиот од пратеќа чета го оставне во Ново Село.Тој ни остана целаношних на стража. Није тргнавне но без путовоѓа.До споменико заминавне убо, но от тамо, ко седна месечината, почна да врни лапајца, ветар, магла. Така да се ватиме један за други но до нејде, после не се можеше така. Останавне на Бесна Кобила и после продуживне , по неколку пати се вратиvне,но со мојот компас се поврзавне.

Недела

На27.V на утрото, после толку мачно поле, стигнавне во Бабина Полјана - Мала Орница. После се поврзавне со Бранко Шатр. и ојдов~~ни~~ јас тамо,ми даде директиви и ми каза ситуацијата за Бригадата дека замина и ~~их~~ ношта се пребацивне за село Радовница.Тамо се поврзавне со Косоварите.

Понеделник

На 28.V останавне во селото Радовница и тамо није цел ден останавне. Штабо наш со Кособарите и команда подручје се советовавне и на другијот ден, после добијаната директива, требеше заједно со Косоварите да се пребациме во Злодовце. Истиот ден со нас дојде и Дора од II бата На вечерта требеше да ојме за Шаролце мала во Стојовце и ојдовне. Патрола за да испита пуштија Косоварите. Состанок со четните раководства, десетарите и делегатите по ситуацијата и директивите.

Торник

29.V 1944

На тој ден останавне во ~~и~~ Шаронце мала, с. Стојовце. После доручек дојде писмо от .... неути да одам тамо да подробно го разгледаме но после малку јаве извидницата да идат бугари што на вистина беше верно, но не само от тамо туку и от друга стрна по Чупино Брдо. Ретки буки, Трнички Ридој се во полукруг. Се повлековне во правец на Сурлица. На кособарите му писав да иди војска и кој правец се повлековне. Гојко дојде во истата мала после на вечерта. Направивне

план да одиме за с. Огут и во Моровската шума, но тамо разбравне да и во селото Огут во задругата имало шума. Така се разделивне од Косоварите. На вечерта му писав друго писмо на Косоварите за нашијот правец. Пратив патрола и во II мали да ји бара но не ји најде. Така није тргнавне за с. Црна Река. За мало што не ни обдена и да се откријеме.

Среда

На 30 .V останавне во Црноречката шума, цел ден. На утрото комора Гајновка замина за Бачка Љубота, а пак једна над нас за Радовница. На вечерта избивне горе и видовне насекаде по ж Чупино Брдо војска ( бугарска) околу једен пук. Добивне од једен командир стража ( известие) да има војска на секаде , цела околија. Така није избравне правец за Црноштица.

~~Xxx31xVx~~ Четврток

На 31.V ~~xxxxxx~~ после цела ноќ патувајне зедовне од Догонци патрола и тамо заминавне за с.Црношница. Но пошто не можевне да стигниме на одреденото место , навлеговне во Лазарица. Тамо до 12 сатот останавне во шумата. После влеговне во селото и ручавне ~~xx~~, вечеравне и собравне ... храна. На вечерта замина војскаxx по ертот за с. Гламино исто и за село Чука (?). Патрола пративне до комитетот на наш терен, но не се проби. Није једна десетина пративне во Црношница ради да провоцира правецо. Ќака закасна једен сат што можеше уште мало да ни обдениx.Избега и тој от Царцарич кој ни го провале правецот.

1944 Јуни

Петок

1.VI 1944 Останавне конспиративно во Лазаречката шума дур да видиме каква је ситуацијата, јер Ѓорцко је без икакво обавештејне, а сета планина ватена од војска.

После слеговне во селото да ни најт ... беше пуштена за Црнешница. ..... една патрола за Радовница.

Сабота

2.VI

( содржината за овој ден во Дневникот неможе да се протолкува, бидејки текстот е премногу размачкан, поради навлажнување)

Недела

3.VI ( и за овој ден текстот во Дневникот е нечиток)

Понеделник

4.VI ( и за овој ден текстот во Дневникот е нечиток.

Сигурно е дека Овчарот пишува за напорите што ги правеле македонските партизани да се извлечат од офанзивните дејства на Бугарската војска од тој дел на Југоисточна Србија, односно во Црноречието, бидејки од читањето на некои имиња може да се сфати правецот на движењето и извлекувањето, како на пример: ...... ојдовне за Радовница, Стојовце итн.).

Торник

5.VI ( и за овој ден текстот од Дневникот е нечиток - размачкан).

Стреда

6.VI ( Текстот во Дневникот за овој ден исто е нечиток-размачкан).

Четврток

7.VI ( Текстот во Дневникот и за овој ден е нечиток-размачкан).

Петок

8.VI (Текстот во Дневникот за овој ден исто е нечиток - размачкан).

Сабота

9.VI (Текстот во Дневникот за овој ден е нечиток, а завршшува со зборовите : " иначе се беше добро. II фронт беше отворен . До 11 часот бевне тука, а после ојдовне за с. Бајловце).

Недела

10.VI (Поголем дел од текстот во Дневникот за овој ден е размачкан и нечиток. Последните зборови што можат да се извлечат како читливи се следните: "... отступницата и да ги удри збока но тије не дочекаја, избегаја. 1 чета ојде да ... од 2 дезертери Драгут. и Савко. На вечерта останавне во Молотино, но со другите не се поврзавне и тука спавнех").

Понеделник

11.VI ( Во Дневникот текстот за овој ден е нечитлив)

Торник

12.VI ( И за овој ден текстот е нечитлив. Последната реченица што може да се прочита поврзано гласи : " На вечерта ојдовне пак на вечера. Спавне и се вратившне пак на Китка").

Стреда

13.VI ( Читливиот дел од Дневкиот за овој ден завршува со зборовите : " имавне Партиско советовајне . За спајне останавне пак тамо. После и на утрото само није доручковавне.

Једно се завележува и на секоја ден - голема аљкавост макар секојпат напоменував").

Четврток

14.VI ( Текстот во дневникот размачкан и нечитлив. Со друго мастило додадени се завршни зборови со ракопис што не е на авторот и гласат: "Изгледа да бригадата је водела борба на Чупино Брдо").

Петок

15.VI ( Првиот дел од текстот нечитлив. Последниот гласи: " На вечерта ојдовне за Гурновец и тамо спавне.

После во Гурновец беше ватен једен Дражиќевец. Партиски состанок со Оперативниот штаб имавне. Бев крит. зато што су се оделвал.

Везден напоменував за напад но не одобравaја друг. членој").

Сабота

16.VI ( Целосно текстот за овој ден во Дневникот е нечиток).

Недела

17.VI ~~17x~~( Целосно текстот за овој ден во Дневниот е нечиток)

o o oooo

Дневникот на Овчарот, според негово наведување под Бр. 2, што започнува од него да биде воден од 1 јануари 1944 година, овде завршува, т.е. заклучно со 17 .VI 1944 година. Потоа следи продолжение за кое самиот Овчарот, на првата поткорица во продолжението го има напишано следното:

" Дневник продолженије од Бр. 2. а овој је бр. 3.

Наум. Т. Веслијовски - Овчаро

17 VI 1944 "

# ДНЕВНИК Бр. 3

Понеделник

18.VI 1944

На 18.VI ојдовне во Петрова Гора на д.н. Глог. Тамо напраја другите баталјони заседа. Но после и није ојдовне така да није први изјуришавне. Ум.( уништени) т.мит ( тешки митолез, пуш.мит. (пушкомитролез) машингевер. убијени преку 40 само од нас, башка од другите батал. После то пак није ојдовне кај III батал. да му помогниме и от тије позици Гајно напуште. После ојде на једни ук ( укрепени ) позиции, неможеше да се истера, 3 пати јуришавне, 2 наши ранети.

Торник

19.VI Ојдовне преку Стајовце и тамо останавне за ручек. После на вечерта ојдовне за Стајовце, спавне таму, на утрото ојдовне. Ништо нарочно немаше. Спајне беше, муниција се делеше. Нашето људство си дојде во состав.

Нешто друго немаше.

За пол.( политички комесар) на нашијо баталјон беше назначен Димче Штипјанецо.

Среда

20.VI

На 20 ојдовне Сурлично. Секула падна убит от пушка која беше торена несопната ( не закочена ) . После останавне во шумата пак .... Имавне состанок со четните раководства. Читана беше наредба . Минчо и Диме беја земени и после за заменик ком. на Бригадата Васил. Пол. (политички ) Чушкар,начал. Копитон ( ? ) после то ојдовне во Колово и тамо спавне.

Четврток

21.VI От Колово на 21 ојдовне во с. Подражиново. Тргна Бугарска војска од Бела Вода за Чупино Брдо. Ојдовне сите на позиција. Но помина једна комора од Крива Паланка, така није је пропуштивне но III баталјон је провале и ја разби. Наше једна чета ојде на помош. Зароби 5 души , 4 шмајзери, еден пушкомитролез После тоје се повлекоја . Бугарите от др, правец. Спавне нашите во шумата.

Петок

На 22.VI ојдовне Ртки Буки. Чекавне. Немаше ништо тамо, нo

ојдовне во Метежево. Час со пол. и коман. десет. ( политичките ком, командирите четни, десетарите ) по војно политичка работа. Спавне тамо. После, на утрото пак има ( воен час). То беше во с. Метежево. ...

<u>Сабота</u>

На 23.VI ојдовне за село Колово преку Огут. Тамо се паревне цел ден ( чистење од вошки ) со вриење на алиштата во казан).Немаше ништо нарочно.

5. беше пуштена за Трговиште.

На 23 тргнавне од Колово за Горна Торница. Со парт.имаше војно политички час. После имаше состанок на ~~АСНОВ~~ А.С.Н.О.М. Друго ништо нарочно немаше.

<u>Недела</u>

24.VI ( За тој ден во Дневникот ништо не е забележано)

<u>Понеделник</u>

25.VI Останавне во Колово. Пак имаше парејне.

<u>Торник</u>

На 26.VI исто останавне во Горна Торница. Пак со доста часој војни и политички.

<u>Среда</u>

На 27 .VI бевне и останавне во Горна Торница. Исто имаше доста часој. Исто имаше состанок со ~~АСНОМ~~х А.С.Н.О.М. Војни практ. ( војно практични вежби), 4 пол. ( политички часови). Исто имаше и партиски час.

<u>Четврток</u>

На 28.VI останавне во Широка Планина. Нешто нарочно немаше. Имаше практични часој по десетини и по чети.

<u>Петок</u>

На 29.VI стигнавне од Широка Планина за Арбанашко. Час војнички: теориски, имаше и практични часој.

<u>Сабота</u>

На 30.VI дојдовне од Арбанашко во ~~Бајловце~~ Бајловце.Војни час; поручек имаше вудбал играјне и приредба на омладината.

~~<u>Ииdиии</u>~~

<u>Јули</u>

<u>Недела</u>

На 1.VII останавне во Бајловце. Превземени беја доста часој.Вој.ратна служба. 5 и од II стражарска служба. Исто имаше превземено доста политичка работа. На вечерта останавне тамо.

Понеделник

2.VII Ојдовне во Доброча. Час имаше егзецир. Исто игравне фудбал. Нешто нарочно немаше.

Дежурнијот Милан- заспал.

Морало и моралните особини добри.

Торник

3.VII Останавне во село Корице.Пак имаше реорганизација на четните раководства. Друго- час егзецир.

Друго ништо немаше.

Имаше капејне.

Среда

4.VII На утрото ојдовне во с. Челопек.

Час војнички - руковајне со оружјето.

На вечерта имаше играјне и весејле.

На вечерта тргнавне за с. Степанце. Друго нарочно немаше.

Четврток

На 5. VII останавне во с. Степанце.Час -војнички егзецир.Нешто нарочно немаше и алишта се делеја.

Сашо куриро се смена.

Петок

На 6.VII ојдовне во с. Жегљане. Тамо само часој војнички и егзецир. Друго нешто немаше.

Пак се делеја конзерви.

10 души беја пуштени со стварите. На вечерта ојдобне во манастир. ( Свети Прохор Пчињски) .

Сабота

7.VII Останавне во Манастиро . Беше прослава веселје је. На вечерта ојдовне Пелинце.

Недела

8.VII Останавне во Пелинце. Војни час.

Политички час. И пак се искапивне.

На вечерта ојдовне во Горната мала .Нешто нарочно немаше, играјне, пејне.

Понеделник

9.VII ојдовне за с. Молотино. Имаше баталјонски војни час и со командирите.

На в вечерта имаше читано наредба на дезертерите. Еден имаше осудено на смрт и неколку со строги укор. После одма тргнавне за Сурлица.

Торник

10.VII Стигнавне во с. Козји Дол. Тамо ручавне и одморивне 3-4 сати. После одма кренавне за Сурлица и на вечерта стигнавне во Сурлица и доста бевне уморни.

Среда

11.VII Останавне во Сурлица. Тој ден се такмичевне со II баталјон. Не успејавне, а наша једна чета не беше тука, по храна беше. Една 10. ( десетина) на усигурајне.Критика и самокритика со четните раководства.

Четврток

На 12.VII останавне пак во Сурлица. Час војно пол. ( политички) по дисциплина, изравнајне, моницијa. Партиски состанок - утакмица за борејне со III баталјон. Успешно за нас .Co II ( баталјон) (натпревар) за фудбал, пак успешен за нас. Играјне најмногу имаше.

Петок

13.VII Останавне пак во Сурлица. Час имаше. Егзецир. Штабот на бригадата кај нас руча и вечера.

Сабота

На 14. VII

На овој ден стана преокрет во мојо живот. Бев назначен за заменик на командантот на Бригадата . Нарочно генералот во својот говор ( го спомна истото), а Васко беше пуштен во Пљачковичкиот штаб. А на мојот баталјон беше назначен за командант Пецо.

Недела

На 15.VII пак дојдоја 2 гајноски аропкани . Пак малку бумбардираја. Имавне малку работа со баталјоно . Исто бевне во Сурлица.

Понеделник

На 16.VII останавне во Сурлица. Дојдоја 2 гајновски ароплани да бомбардирајат. Убија 1 и 1 ранија. После дојдоја 4 (аероплани) убија 7 од Новло (?), еден командир на II чета . Иле Враготур го убија. Бевне на погребение.

Торник

На 17 .VII ојдовне за Торница : После стигвејнето тамо одма со бригадата после се вративне пак и ојдовне до Ретки Буки да ји чекаме но не дојдоја и пак се вративне ноќно во Торница.

Среда

На 18.VII останавне во Горни До .Состанок со Штабот на бригадата.

Четврток

19.VII исто во Торница. Нешто нарочно немаше.

Петок

На 20.VII останавне во Торница. На ручек бевне кај Новло (?). Час војни со командирите и војниците.

Сабота

На 21.VII останавне во Широка Планина, за спајне во Арбанашко. Денски тргнавне од Торница.

Недела

22.VII

На 22 останавне во Арбанашко.Сослушани беја Нада и Пецо. Муабетусувавне со неја.

Понеделник

На 23.VII останавне во с. Кокино. Партиски состанок имавне, а началнико со командантите и со командирите ( исто состанок).

Торник

24.VII

Бајловце: се спремавне за на акција. I баталјон ојдовне на Страцин. Јуриш беше силен. Убиени непријателски и војници 25. 2 тешки минобацачи запленетих,3 пушкомитролези и друг ратни плен.

Успешна наполно ( акцијата ). Максим беше ранет и после умре. ( Акцијата во) с. Нагоричино не успеја.

Среда

25.VII Арбанашко: одмор. Се вративне од акција.

Четврток

26.VII

Арбанашко, ништо нарочно немаше.

Петок

27.VII

Пелинце.

Капејне и часој - војнички одржани. Нешто нарочно немаше.

Сабота

28.VII

Алгуње : Збор и веселје. Часој војнички одржани. Нешто нарочно немаше.

Недела

29.VII

Челопек : Патрола бугарска разбијена,1xxxx којн заробен, а једен војник ранет. Часој војнички одржани.

Понеделник

30.VII

Никулјане : Једна бугарска патрола прогонена.

Збор и читана беше наредба - за мене потпоручник, за Тичо мајор.

Торник

31.VII

Жеглјане: Стигнавне и одморавне.Нешто нарочно немаше.

Среда

1.VIII

Жеглјане : Припрема за Илинден. Часој - војнички и нешто друго нарочно немаше.

Четврток

2.VIII

Манастирот Св.Отец ( Прохор Пчињски).

Формирајне на А.С.Н.О.М. и прослава на Илинден. Нешто друго нарочно немаше.

Петок

3.VIII

Св. Отец манастиро ( Прохор Пчињски). Се сконцентриса бригадата и доби задаток за напад на Ристовац.

Нападо успешен. Уништени 2 т.м., ~~ххх~~ 5 композици со мотори Аро плански депото тулумба складој.

Плен 5 бугари, 2 т.м. ( тешки митралези) 2 п.м. (пушко митралези) 3 шм. ( шмајзери ) и друго.

Убијен и једен офицер ( бугарски ).

Сабота

4.~~ХХХХ~~ 8.44

Јастребац: Одмор штом се вративме од Ристовац., на 2 часа од самијот објект . Нешто нарочно немаше. На вечерта ојдовне за Пелинци.

Недела

5.8.44

Малотино: Војно Партиско советовајне. И јас казав некоја дума по партиската работа.

Понеделник

6.VIII

Малотино:Саветовајне на Скојот. Реорганизација на III бригада - стварајне на одреди Криво Паланачки и Кратовски.

На вечерта ојдовне Кокино.

Торник

7.VIII

Рамно: Читајне на наредбите од Гл.Шт( Главниот штаб) за реорганизација на Штабот на бригадата ( III ). Јас бев назначен за Командант на II бригада .

Среда

8.8.44

Арбанашко, се спремавне за покрет. Тргнавне за Огут. Во Лесница јадовне.

Четврток

9.8 Огут

На вечерта во с. Луње десетарот дојде со радио станица.

~~10, Жерафино~~

Петок

10.VIII

Жерафино: починавне и на вечерта цадето Крива Паланка - Ѓувешево имаше пушкарајне од IV бриг. Се растурија некој и некои ствари. Имаја 1 убиен.

Сабота

11. VIII

Саса : Одморивне во Шумата, а на вечерта во селото. Ноќта прејдовне преко Брегалница и о .

Недела

12.VIII

Трновце : Доручковавне, ручавне, одморивне од уморо од патот. Митинг. Мобилизација. Се најдовне со Батаљоно од IV бригада: Грујица. Одморивне и на вечерта слеговне во Митрашинци.

Понеделник

13.VIII

Митрашинци: Ојдовне горе во шумата. Имаше заседа од Бугарите. Доби задаток IV бригада за напад .. наши - 6 убити, 15 ранети; Бугари - 7 убити, 2 офицери, 8 пленети . 2 т.м., 50 пу. ( пушки ) и други војен материјал. Ношта ојдовне на Кара Тепе и тамо спавне.

Торник

14.8.44

Во Ново Село ношта низ Радовишкото поле стигнавне во селото ( Ново Село ) и тамо одморивне. После се најдовне со оро... (? ),а на вечерта ( го ) преминавне и Вардар.

<u>Среда</u>

15.VIII

<u>Гор. Драчевица</u> : И немаше лујге. Беја иселени. После пол ден 1 рота Бугари се испрече пред нас и после се повлече. Није продуживне по пато.

Во Радња ( ? ) ,тамо спавне .

<u>Четврток</u>

16.VIII

На Бичкија, останавне тамо и после, на вечерта, тргнавне за Кожув, с.Зборско.

<u>Петок</u>

17.VIII

<u>Стигнавне над</u> с. Зборско : тамо се распределивне.

<u>Сабота</u>

18.VIII

На Зборско:одмор.

Веселје(и) прослава даде III баталјон ( на ) II бригада.

<u>Недела</u>

19.VIII

Над Зборско. За вечера прослава ~~xxxфонтx(фронт)x~~ за IV фонт. ( фронт ? ) на фрон. ( фронтот ) има работа Штабо на Зоната, дојде и Борче ( Наум Наумовски -Борче ? ).

<u>Понеделник</u>

20.VIII

<u>Над Зборско</u> : реорганизација на I бат. , III бриг. ( од ) Бат. "Стив Наумов" веќином беја земени за раководеќи ( во новоформираната VII бригада ) : ком.( командант ) Васил ( Васко Карангелевски ), зам.ком.(на бригадата) Пецо ( Пецо Гудовски). Фана(Кочовска) Олга, Вандо беја остени за раководни другари и др.

<u>Торник</u>

21.VIII

<u>Над Зборско</u>: 1 ( една ) рота Германци дојдо над Зборско и 30 - 40. влего во Зборско и го запалија селото.Нападнати беја од VII бригада, 2 .убити контраши, и изгонени.

<u>Среда</u>

22.VIII

<u>Над Зборско</u> : Со III батал. II бриг. ( Третиот баталјон на Втората бригада) ојдовне да и напаѓаме Германците, но не беја тамо.

VII бригада замина. Мака ми беше што не се видовне и не казавне некоја дума за мојата љубов и другарство со I. мој баталјон и најарниојот баталјон во Македонија. Фана ( Кочовска ) пак си ојде, напушт. Љиљјако ( Борко Темелкоски) кај нас . Си ојдовне. VI бригада замина ..

Над Зборско беше голема радост од Венко ( Марковски ) и Кочко ( Петре Богданов ) ко се видовне. Секогаш ќе ми останат и разделбата со I баталјон и срештата со ... ( ? ).

( Истиот ден ) поминавне крај болницата. Тамо ни пречекаја со голема радос и ни направја многу добра вечера.

<u>Четврток</u>

23.VIII

<u>Над Зборско</u> I ( прв ) ден без мојте другари и пусто ми беше оти не се видов со најдрагото во мојот живот. Исто пристигна и еден баталјон од ~~ди~~ Добро Полје кој прајеше ајродрум. Парашут ( падобран) паднал јаш. ( ? ) бордо.

<u>Петок</u>

24.VIII

<u>Над Зборско</u>: Се помина така. Со Венко се снимавне и имавне покрет за на кај II бригада.

<u>Сабота</u>

25.VIII

<u>Бојанчиште</u>: Тамо имаше митинг. Дента одма продолживне за с.Провеојник и тамо спавне.

<u>Недела</u>

26.VIII

<u>Чешково</u>: Тамо се најдовне со II бригада и со Мајка (<u>Методи Попоски</u> ). Имаја доста плен и Германци убијени 10, 10 камијона уништени.

<u>Понеделник</u>

27.VIII

<u>Чешково</u>: Формирана дивизијата : партиско советовајне и продуживне за Никодин.

<u>Торник</u>

28.VIII

Во Никодин : На вечерта ојдовне на заседа на цаде, на утрото беше уништен еден камијон. Плен : 4 м ....... ( ? ), 1 машингер, 3 ( тројца ) Германци - 1 мајор, хирург, 1 лајтнант.

Среда

29.VIII

Над Смилево на заседа на цадето : 1 мост разрушен, акција на Извор. Плен 9 полицајци, 10 војника, 2 пушки, 11 валтери ( пиштоли), 1 шмајзер, 4 п. машини, 1 шапилограф и рачен материјал; 3 моста наполно уништени ...

Четврток

30.VIII

Ораовдол : Плано за напад и напад на Богомила, Небрегово,... ( ? ).

Петок

31.VIII

Ораовдол : Се вративне од акција, отварно имаше плен доста од Богомила: 35 војници, 30 пушки, 5 зорки, 2 пиштоли, 10 хиљади метци разни, 1 п. машина, 1 радио апарат, брашно и други работи.
Дента Добивне 80 нови ..... ( ? ). Крсте ( со ) баталјоно пак остана. Није имавне покрет до селото.

================

( Дневникот тука завршува )